Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 19-та седница одржана на 02.06.2025 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот бр. 12-3016/1 од 21.11.2024 година, оформен по доставена пријава против лицето ----, член на Комисијата при Агенцијата ----, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Пријавата и прилозите доставени кон истата да се достават на предлагачот на Законот за електронските комуникации, односно Министерството за дигитална трансформација и до Собранието на Република Северна Македонија со цел преиспитување на законот.

Предметот со бр. 12-3016/1 од 21.11.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 21.11.2024 година, поднесена е пријава против лицето ----, член на Комисијата при Агенцијата ---- и оформен е предмет бр. 12-3016/1 од 21.11.2024 година.

Наводите во пријавата посочуваат дека дека лицето ---- извршува 2 (две) функции, односно именуван е за член на Комисијата при Агенцијата ---- и во политичката партија ---- ја извршува функцијата Секретар на Секретаријатот на одделенијата, што е спротивно на член 17 став 1 од Законот за електронски комуникации.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до ---- (Политичка партија).

Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:
Политичката партија ---- со допис – Одговор на барањето за доставување на податоци и информации бр. 12----- /1 од 21.01.2025 година, доставила информација дека лицето ---- кој моментално ја извршувал функцијата член на Комисијата ----, имал поднесено неотповиклива оставка од функцијата Секретар на Секретаријатот на одделенијата која ја извршувал во партијата и од сите други одговорности во партијата. Оставката ја поднел до органите на партијата на ден 09.10.2024 година и веднаш стапила во сила, а истата се доставува на увид до ДКСК во прилог на горенаведениот допис.
Видно од штембилот содржан на актот – Пријава за учество на оглас за член на Комисијата на Агенцијата ---- (број на огласот: Одлука бр. 08----- /1, 2 Октомври 2024 година, Скопје), истата примена е во архивата на Собранието на РСМ на ден 10.10.2024 година, и заведена под архивски бр. 16----- /3.

Според член 17 став 1 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија" бр. 39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/2018 и 21/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/2019, 153/2019, 92/2021 и 222/2024), во текот на времетраењето на својот мандат членовите на Комисијата не можат да бидат пратеници во Собранието на Република Македонија, членови на Владата на Република Македонија, како и лица кои извршуваат должности во органите и телата на политички партии, како и да бидат вработени во оператори.

Видно од доказите содржани во горенаведените дописи, ДКСК констатира дека наводите на подносителот на пријавата се неиздржани од причина што лицето ---- поднело оставка од должностите и телата во Политичката партија – ---- на ден 09.10.2024 година, односно еден ден пред поднесувањето на пријавата за учество на оглас за член на Комисијата на Агенцијата ---- на ден 10.10.2024 година, со што не била извршена повреда на член 17 став 1 од Законот за електронски комуникации.

ДКСК оцени дека има потреба од преиспитување на член 17 став 1 од Законот за електронските комуникации од аспект на условите за именување на членови на

ДКСК оцени дека има потреба од преиспитување на член 17 став 1 од Законот за електронските комуникации од аспект на условите за именување на членови на Комисијата, односно оцени дека има потреба од утврдување на временски период пред назначувањето на лицата за членови на Агенцијата за ----, истите да не извршуваат должности во органите и телата на политички партии, како и да бидат вработени во оператори.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување, по што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**

**м-р. Билјана Каракашова Шулев**

Изготвил: м-р В.З. Виш соработник
Контролирал: м-р К.З. Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: м-р Ц.Р. Член на ДКСК